**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто тринаесетата сеница на Собранието на**

**Република Македонија, одржана на 18 јули**

**2002 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 16,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собрнаието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 113 седница на Собранието на Република Македонија.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Вкупно гласале 86 пратеници, за гласале 63 пратеници, воздржано гласале 7 пратеници и против гласале 16 пратеници.

За седницата го предлагам следниот дневен ред:

1. Престанок на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 81 пратеник.

За гласале 63 пратеници, воздржано гласале 8 и против гла-сале 10 пратеници.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на точка 1. Престанок на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Согласно член 6 и член 123 став 1, алинеја 3 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, констатирам дека со изборот на пратеникот Томислав Стојановски, за член на Републичкиот судски совет, му престанува функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Според одредбите од истиот закон мандатот му престанува и на пратеникот Кирил Андоновски.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја закучувам 113 седница на Собранието на Република Македонија.

Сега ќе прекинеме со работа. Ако службите можат да ги подготват овие точки за кои се договоривме ќе продолжиме по пауза од пола час.

(Седницата заврши со работа во 16,15 часот).